# Годишен извештај за активностите на Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ за 2011 година

Еко-свест

# Содржина

Вовед .......... 3
Активности реализирани во текот на 2011 година .......... 4
Важни настани во 2011 година .......... 10
Буџет за 2011 година .......... 13
Издадени публикации во текот на 2011 година .......... 17

# Вовед

Во 2011 година Еко-свест продолжи посветено да работи на информирање за животната средина, поткрепено со истражувања во областа. Оваа година го проширивме и полето на работа со што почнавме поактивно да работиме на заштитата на природата, преку проектот „Заедно за Натура 2000“.

Соработката со граѓанскиот сектор оваа година беше на навистина завидно ниво, со креирањето на повеќе коалиции и работни групи кои постигнаа големи успеси во придвижување на работата на македонските институции. Со задоволство соработувавме со Фронт 21/42, Македонско еколошко друштво, Македонски зелен центар, Еко-скоп и Целор, како и со низа други организации во рамки на воспоставената Коалиција „Натура 2000“.

Во 2011 година Еко-свест имаше многу активности околу заштитата на Националниот парк „Маврово“ преку будно следење на планираните проекти ХЕ Луково поле и ХЕ Бошков мост. За прв пат во Македонија поднесовме жалба до Европската банка за обнова и развој за непочитување на нивните процедури во однос на проектот „Бошков мост“. Очекуваме во 2012 година постапката да продолжи и да се обезбеди соодветна заштита на овој хабитат.

И на крај, но можеби и најважно достигнување во 2011 година, Еко-свест стана добитник на наградата „13 Ноември“ која градоначалникот Коце Трајановски ни ја врачи на официјалната церемонија по повод денот на ослободувањето на град Скопје. Можеме со сигурност да кажеме дека нашите долгогодишни напори и посветеност сепак беа препознаени и наградени, а тоа ни дава дополнителен поттик да продолжиме да работиме за заштитата на животната средина во Македонија.

# Активности реализирани во текот на 2011 година

## Активности на CEE Bankwatch Network во Македонија

**Времетраење:** 01.01.2011 – 31.12.2011

**Краток опис:**
Во рамки на оваа програма се работи со цел да се спречат негативните инфраструктурни проекти од секторот транспорт и енергетика; се промовираат алтернативи на ваквите проекти и се подига свеста кај граѓанските здруженија и граѓаните за негативните влијанија од финансирањата на меѓународните финансиски институции.

**Буџет за 2011: 15 240 ЕУР.**

**Цели на програмата:**

- Да се спречат негативните инфраструктурни проекти во Македонија и негативните влијанија од нив
- Да се следат Европските фондови во Македонија преку активно учество во комитетите за следење
- Да се подигне свеста кај граѓанските здруженија и граѓаните за можните негативни влијанија од финансирањата на меѓународните финансиски институции
- Редовно да се комуницира со Европска Комисија со цел да се информира за случувањата во Македонија,
- Да се соработува со НВО секторот во коалиции и мрежи.

**Активности:**

- Учество во комитетите за следење на Европските фондови. Наш член е претставник на еколошките НВО во 2 такви комитети.
- Следење на развојот на големите инфраструктурни проекти од секторот енергетика со цел организирање на заеднички ставови на организациите од регионот, праќање писма, објавување написи и сл. со цел да се влијае врз нивниот исход.
- Да се соработува со организациите од регионот и да се поддржат во нивните напори да ги следат ИПА фондовите во нивните земји како и со организациите во Македонија.
- Да се учествува на меѓународни средби и состаноци со цел да се информираат институциите за нашите ставови и барања.

**Постигнати резултати:**

Организирана работилница за граѓански организации за Инструментот за пред-пристапна помош (IPA) во Македонија со наслов „Приоритети во следниот период на програмирање и препораки од граѓанските организации за идната реализација на Инструментот за пред-пристапна помош (IPA) во Македонија“;



**Слика 1. Работилница за ИПА за граѓански организации- одзивот беше неочекувано голем.**

- Објавен прирачник за граѓански организации за Инструментот за пред-пристапна помош (IPA) на македонски јазик (објавена на веб страницата на Еко-свест);
- Голем број на писма и комуникација со различни институции за учеството на еколошките организации во процесите на донесување одлуки од област на животната средина (објавени на веб страницата на Еко-свест);
- Формирана мрежа на организации која во текот на 2012 година понатаму ќе ги следи ИПА фондовите и ќе се вклучи во програмирањето на истите.

## Заедно за Натура 2000

**Времетраење:** 20.02.2011 – 31.12.2011

**Краток опис:**
Проектот имаше примарна цел подигнување на капацитетите на македонските граѓански организации за работа на Натура 2000 процесот во Македонија. Идејата на проектот е да го рашири познавањето на мрежите Натура 2000 не само помеѓу еколошките организации, туку и помеѓу македонските граѓани и институции.

**Буџет: 34 891 ЕУР.**

**Донатор:** Европска Комисија

**Цел на проектот:**
Подигнување на капацитетите на македонските граѓански организации за работа на Натура 2000 процесот во Македонија



**Слика 2. Семинарот за Натура 2000 беше напорен, но забавен.**

**Активности:**

- Спроведување на семинар за Натура 2000 за еколошки граѓански организации
- Спроведување на тренинг за граѓански организации за работа во партнерство
- Обединување на граѓанските организации да работат на поле на Натура 2000 во Македонија
- Вклучување на граѓанските организации во процес на донесување одлуки
- Информирање на организациите, граѓаните и институциите за процесот на воспоставување и управување со Натура 2000 подрачјата.

**Постигнати резултати:**

- Организиран семинар за 22 учесници од 16 организации на тема „Натура 2000“ во Струга, од 6-8 мај 2011 година.
- Организирана обука за 17 учесници од 14 организации градење коалиции со осврт на Натура 2000 во Скопје, од 27-29 мај 2011 година,
- Формирана Коалиција „Натура 2000“ која официјално брои 12 членки.
- Подготвени извештаи за биодиверзитет за учество на био-географски семинар за проширување на Емералд мрежата во Македонија.
- Подготвен и испечатен прирачник за Натура 2000 во 1000 примероци.
- Воспоставен информативен веб сајт www.natura2000.mk.

## Намалување на негативните ефекти врз животната средина од хидро проектите во Македонија

**Времетраење:** 01.03.2011 – 31.12.2011

**Краток опис:**
Проектот е осмислен како дел од поширока кампања за заштита на НП Маврово од хидроенергетските проекти Бошков мост и Луково поле.

**Буџет:** 5000 USD

**Донатор: Global Green Grants Fund**

**Цели на проектот:**

- Македонските невладини организации и локалните заедници земаат активно учество во постапката на оцена на влијанието врз животната средина и нивните коментари се земени во предвид од страна на меѓународнките финансиски институции и Македонските власти,
- Македонските невладини организации работат заедно и развиваат заеднички позиции и стратегии во однос на работата на оваа проблематика,
- Хидроенергетските проекти се запрени или променети со цел да не им наштетат на луѓето и животната средина.



**Слика 3. Тресонечка река, каде се планира изградбата на ХЕ Бошков мост е живописна мала река која овозможува живот за голем број видови.**

**Активности:**

- Подигнување на јавната свест за ефектите и ризиците од хидроенергетски проекти во национален парк,
- Активности за застапување пред македонските и меѓународните институции,
- Градење на заеднички ставови помеѓу македонските невладини организации за хидроенергетски проекти.

Постигнати резултати:

- Организирани 5 состаноци со 6 македонски граѓански организации: Фронт 21/42, Еко-скоп, Македонски зелен центар, Македонско еколошко друштво, Целор и Еко-свест на оваа тема,
- Изведени 2 посети на терен во Тресонче, на локацијата на планираната хидро електрана Бошков мост,
- Поделени 200 летоци за информирање на жителите за јавните расправи и за проектот,
- Учество на 2 јавни расправи за проектот ХЕ Бошков мост, во Скопје и Ростуше,
- Поднесување на жалба до механизмот за жалби при Европска банка за обнова и развој,
- Редовна комуникација со ЕБОР и Светска банка- испратени голем број писма за информирање.

# Важни настани во 2011 година

## Еко-свест- добитник на наградата „13 Ноември“

Во 2011 година Еко-свест ја доби наградата „13 Ноември“ на Град Скопје за реализација на проектот „Велосипеди за сите“ и долгогодишен ангажман во промоцијата на еколошката свест.

Наградата во име на Еко-свест ја прими Јулијана Даскалов, координатор на проектот „Велосипеди за сите“ од градоначалникот Коце Трајановски.

Горди сме што нашите долгогодишни напори и посветеност сепак беа препознаени и наградени, а тоа ни дава дополнителен поттик да продолжиме да работиме за заштитата на животната средина во Македонија.




**Слика 4. Еко-свест е прва еколошка организација на која и е доделена оваа награда.**

## Основање на Коалицијата „Натура 2000“

Во рамки на активностите на проектот „Заедно за Натура 2000“ во мај 2011 година од страна на Еко-свест како инцијатор и голем број еколошки организации се оформи Коалицијата „Натура 2000“.Коалицијата во моментов брои 12 членки кои официјално се приклучиле кон неа, но бројот на здруженија заинтересирани за членување засега е 20. Коалицијата функционира како платформа составена од граѓански организации, други релевантни институции и индивидуални стручни лица и е наменета за соработка и размена на информации, мислења, предлози и ставови, како и место за развој на соработка во различни активности

во согласност со мисијата на коалицијата. Таа има отворен карактер и кон неа може да се приклучи секое здружение кое ги поддржува мисијата на коалицијата и нејзината работа.

Мисијата на Коалицијата е:

„Коалицијата “Натура 2000” обединува организации и поединци кои делуваат на полето на заштита на животната средина и биолошката разновидност со цел да се обезбеди воспоставување на еколошката мрежа Натура 2000 во Република Македонија.

Коалицијата се залага за спроведување на правната регулатива и добрите практики за заштита на животната средина и биолошката разновидност при сите инфраструктурни или други загрозувачки активности во Република Македонија.

Со тоа коалицијата ќе придонесе кон воспоставување и заштита на Натура 2000 подрачја.“

## Учество во Работната група за учество на јавноста

Иницирана од страна на Фронт 21/42, во текот на 2011 година беше формирана Работна група за учество на јавноста, која обедини 6 еколошки организации: Фронт 21/42, Еко-свест, Македнонски зелен центар, Македонско еколошко друштво, Еко-скоп и Целор.

Групата фунционираше во заедништво и работеше на голем број случаи со цел да обезбеди функционално учество на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки во област на животната средина. Групата оствари многу средби со македонските и меѓународните институции и подготвни низа дописи, предлози, коментари и зема учество во јавни расправи и други состаноци.

Ефектот на работењето на оваа група почнува да се гледа дури во 2012 година, кога македонските министерства почнуваат поефективно да реагираат на нашите барања. Оваа група ќе продолжи да функционира во следниот период.

## Учество во градење на Коалицијата „Екологијата- приоритет“

Во текот на 2011 година, Еко-свест зема активно учество во воспоставувањето на Коалицијата „Екологијата- приоритет“ која на почетокот беше осмислена како продолжение на работната група за позеленување на локалните и парламентарните избори (каде Еко-свест имаше водечка улога во текот на 2005 и 2006 година). Со понатамошниот тек на активностите, оваа Коалиција.

## Еко-свест ја воспостави natura2000.mk

Еко-свест, преку проектот „Заедно за Натура 2000“ го воспостави својот нов веб сајт www.natura2000.mk каде може да се најдат корисни информации за:

- Коалицијата „Натура2000“ и нејзините членки,
- Основни информации за Натура 2000
- Легислатива поврзана со Натура 2000
- Публикации и други документи.

## Еко-свест со нов веб сајт

Во текот на 2001 година Еко-свест изгради нов веб сајт со нов изглед и содржини. Сајтот е поврзан со социјалните медиуми и е многу по пристапен за корисниците преку различни контакт форми. Сајтот овозможува лесно преоѓање на останатите бев сајтови креирани од Еко-свест како на пример toxic.mk и natura2000.mk.

# Буџет за 2011 година

## Во текот на 2011 година, Еко-свест ги оствари следните приходи

| Приходи | Во ЕУР | Во МКД |
|---|---|---|
| Средства префрлени од 2010 година сметка Еко-свест | 4024,56 | 247.510,52 |
| Средства префрлени од 2010 година сметка Еко-свест ПМГ | 1635,37 | 100.575,50 |
| Грантови од странски донатори | 49777,27 | 3.061.302,31 |
| Од други организации по договор | 860,02 | 52.891,00 |
| Членарини | 162,60 | 10.000,00 |
| Камати | 34,31 | 2.110,33 |
| **ВКУПНО** | **56494,14** | **3.474.389,65** |

## Графички приказ на приходите за 2011 година



## Во текот на 2011 година, Еко-свест ги оствари следните расходи:

| Ставка | Износ во МКД |
|---|---:|
| Авторски надоместоци | 785.782,50 |
| Плати за вработени | 585.261,00 |
| Телефон | 45.837,00 |
| Интернет | 8.500,00 |
| Кирија | 133.256,00 |
| Режиски трошоци | 43.638,00 |
| Услуги | 479.449,36 |
| Канцелариски | 31.288,40 |
| Печатење | 47.504,00 |
| Поштенски пратки | 4.827,00 |
| Патувања | 130.467,00 |
| Опрема | 47.221,00 |
| Провизии | 26.916,46 |
| Активности | 11.540,00 |
| Друго | 5.588,00 |
| Даноци | 118.274,00 |
| **ВКУПНО** | **2.505.349,72** |

## Графички приказ на расходите за 2011 година



## Расходи по проекти во 2011 година

| Проект | Донатор | Во МКД | Во ЕУР |
|---|---|---|---|
| Заедно за Натура 2000 | Европска Комисија | 1.397.814,86 | 22728,70 |
| Програма на CEE Bankwatch Network во Македонија | CEE Bankwatch Network | 855.581,36 | 13910,76 |
| Работилница за ИПА во Македонија | AirClim | 59.994,00 | 975,51 |
| Е- отпад | Метаморфозис | 29.927,00 | 486,62 |
| | | | |
| Вкупно | | 2.343.317,22 | 38.102,72 |

## Графички приказ на буџетите на проектите во 2011 година



# Издадени публикации во текот на 2011 година

Во текот на 2011 година „Еко-свест“ ја издаде следната публикација:

- Прирачник за ИПА (Инструментот за пред-пристапна помош) за граѓански организации




Оваа и сите досега издадени публикации можат да се најдат на веб страницата на Еко-свест, www.ekosvest.org.mk или во печатена верзија во канцеларијата на Еко-свест.

*Извештајот за активностите на Еко-свест во 2011 година го изработија:*

*Ана Чоловиќ Лешоска*

*Драгана Угуровска*

*Невена Смилевска*